**З А П И С Н И К**
**од Осумдесет и петтата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 29.8.2018 година**

**Скопје, август 2018 година**

**З А П И С Н И К**
**од Осумдесет и петтата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 29.8.2018 година**

Седницата започна во 14:30 часот.

На седницата претседаваа претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев, како и заменичката на претседателот на Владата на Република Македонија и министерка за одбрана, м-р Радмила Шекеринска.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, членовите на Владата на Република Македонија д-р Рената Дескоска, министерка за правда, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Венко Филипче, министер за здравство, Арбер Адеми, министер за образование и наука, Мила Царовска, министерка за труд и социјална политика, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, Асаф Адеми, министер за култура, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија, како и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Македонија на седницата присуствуваше и м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи.

На седницата присуствуваа и Миле Бошњаковски и Муамет Хоџа, портпароли на Владата на Република Македонија, Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, Елена Трпковска, државна секретарка во Министерството за финансии, Нефрус Челику, државен секретар во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и д-р Стево Пендаровски, Национален координатор за подготовка на Република Македонија за членство во НАТО.

Од седницата отсуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација на економските ресори, д-р Кочо Анѓушев и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, Аксел Ахмедовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија и Зорица Апостолска министерка без ресор, задолжена за странски инвестиции.

*

*     *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД**

- Информација за програмите на Унијата за 2017 година
- Статус на реализација на приоритетите на Република Македонија за влез во НАТО

  - Информација со Предлог-концепт за Национална структура за водење на процесот за зачленување на Република Македонија во НАТО

- Статус на реализација на Рамковниот договор

  - Информација за состојбата со правичната застапеност на вработените и структура во Управата за финансиска полиција

  - Информација за состојбата со правичната застапеност на вработените во Министерството за финансии

**А) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА**

**а) Гости**

1. Годишна сметка за 2017 година, Извештај за работењето на ЈП ,,Македонијапат“- Скопје за период од 1.1.-31.12.2017 година, Финансиски извештај за 2017 година, со Ревизорски извештај и Финансиски план за 2018 година

2. Информација за Годишната сметка на Јавното претпријатие за државни патишта за 2017 година и Извештај за работењето на Јавното претпријатие за државни патишта за 2017 година, со дополнување и Предлог-одлуки за давање согласност

3. Предлог-програма за изменување на Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2018 година

4. Информација со Меморандум за разбирање меѓу МЕР АД Скопје и АЛБГАС АД Тирана за изградба на интерконективен вод за пренос на природен гас помеѓу Република Македонија и Република Албанија

5. Информација за воведувањето на заеднички контроли на надлежните органи на Република Македонија и Република Албанија на патниот граничен премин Кафасан-Кафтане

6. Предлог-национална програма за олеснување во воздухопловството

7. Правилник за условите кои треба да ги исполни националната референтна лабораторија, со Предлог-одлука

8. Правилник за барања за безбедност и квалитет на водата за пиење, со Предлог-одлука

9. Правилник за начинот на издавање на одобрение, потребната документација и висината на трошоците во постапката за издавање на одобрение за полнење и ставање во промет на природна минерална вода, изворска вода и друга пакувана вода, со Предлог-одлука

10. Информација за Правилникот за посебните барања за безбедност на природна минерална вода, изворска вода и друга пакувана вода, со Правилник и Предлог-одлука

11. Информација за Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за посебните барања кои се однесуваат на микробиолошките критериуми за храната, со Правилник и Предлог-одлука

12. Информација за Правилникот за изменување на Правилникот за општите барања за безбедност на храната во однос на максималните нивоа на одделни контаминенти, со Предлог-одлука

13. Финансиски план за изменување и дополнување на Финансискиот план на Централниот регистар на Република Македонија за 2018 година, со Предлог-одлука

14. Тарифник за изменување на Тарифникот за утврдување на висината на надоместоците што ги наплатува Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија, со Предлог-одлука

15. Информација за можноста за утврдување на македонскиот рубин - јувелирски камен како заштитена минерална суровина со географско потекло од Република Македонија

16. Предлог-одлука за запишување на право на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Македонија во катастарот на недвижностите.У.Бр.44/17

17. Предлог-одлуки за давање согласност за отстапување на одземени предмети (вкупно десет моторни возила и друга разна стока), со правосилни пресуди/одлуки на единиците на локалната самоуправа и други државни органи

18. Правилник за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за вработување на Република Македонија, со Предлог-одлука

19. Информација за потребата од отстапување на објектот (мотел) на КП 625, КО Градско од страна на Република Македонија (пренесување на сопственост) во сопственост на Општина Градско

**б) Економски систем и тековна економска политика**

20. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за државната статистика

21. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2018 година

22. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2018 година

23. Предлог-програма за изменување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година

24. Предлог-уредба за начинот на распределба, дистрибуција и ревизија на искористеноста на дозволите за меѓународен превоз на стока

25. Информација за напредокот во имплементацијата на Проектот за подобрување на општинските услуги, заклучно со јули 2018 година, со табеларен приказ

26. Информација во врска со донесување на програма за изменување на Програмата за развој на туризмот за 2018 година, со Предлог–програма

27. Предлог за поведување постапка за склучување Договор за економска соработка помеѓу Република Македонија и Босна и Херцеговина, со Предлог-текст на Договорот

28. Информација во врска со проблемите со месното население со кои се соочуваат концесионерите при изградбата на мали хидроелектрични централи

29. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од хотел „Вилиџ“ –Охрид, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителските објекти

30. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од хотел „Монтенегро“ –Струга, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителските објекти

31. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од хотел „Томче Софка“ - Скопје, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителските објекти

32. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел „Меркур“ - Тетово, со Предлог -решение за утврдување на категорија на угостителските објекти

33. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел „Цара“, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект за утврдување на категорија на угостителските објекти

34. Информација во врска со поднесено Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел „Диор“ – Ресен, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект

35. Информација за напредокот во спроведување на ЕУ-ИПА проектот „Изградба на пречистителна станица за отпадни води во Прилеп“

**в) Политички систем**

36. Информација за правосилноста на пресудата на Европскиот суд за човекови права, Сејдији против Република Македонија, А.бр.8784/11, со Предлог-одлука

37. Информација за правосилноста на пресудата на Европскиот суд за човекови права, Смичковски против Република Македонија, А. бр. 15477/14

38. Информација за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител упатени до Владата на Република Македонија, органите на државната управа, други органи и организации што имаат јавни овластувања, во април, мај и јуни 2018 година

**г) Човечки ресурси и одржлив развој**

39. Предлог-закон за дополнување на Законот за аудиовизуелните добра

40. Предлог-закон за изменување на Законот за наставници во основните и средните училишта

41. Предлог-закон за изменување на Законот за Академија за наставници

42. Предлог-програма за изменување на Програмата за остварување развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2018 година

43. Информација за активностите во насока на имплементација на клучните мерки под димензијата Антикорупција од Стратегијата за Југоисточна Европа 2020

44. Информација за исполнетост на условите на Друштво за производство, трговија и услуги „Греен лифе“ ДОО с. Јосифово, Валандово за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука

45. Информација за исполнетост на условите на Друштво за производство, трговија и услуги „Канабис-про“ ДОО увоз-извоз Струмица за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука

**Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА**

**а) Економски систем и тековна економска политика**

46. Предлог-одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Македонија на Општина Кавадарци (44-7401/1)

47. Предлог-одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Македонија на Општина Кавадарци (44-7425/1)

**б) Политички систем**

48. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовната активност „SEVEN STARS 18“, во Република Грција

49. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовната активност „COMBINED RESOLVE XI“, во Сојузна Република Германија

50. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовната активност „EADRCC-Srbija 2018“, во Република Србија

51. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовната активност „CAMBRION PATROL 2018“, во Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска

52. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовната активност „REGEX 18“, во Република Србија

53. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовната активност „KFOR 25“, во Сојузна Република Германија

54. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество на обука „Игла“ во Република Словенија

**в) Човечки ресурси и одржлив развој**

55. Предлог-одлука за утврдување на бројот на стипендистите и висината на стипендиите за ученици запишани во средните училишта во Република Македонија за учебната 2018/2019 година

56. Предлог-одлука за доделување стипендии на странски државјани од интерес за Република Македонија

57. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Специјална болница за белодробни заболувања и туберкулоза „Јасеново“

58. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Клиничка болница-Тетово

59. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Специјална болница за белодробни заболувања и туберкулоза „Лешок“

60. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Општа болница - Велес

61. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Општа болница - Гостивар

62. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза - Скопје

63. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Институт за белодробни заболувања кај децата - Козле

64. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на ЈЗУ Здравствен дом - Скопје

65. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Општа болница - Куманово

**г) Предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) По барање на Собранието на Република Македонија**

66. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за виното, поднесен од пратеникот Панчо Минов

67. Предлог-закон за дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

68. Барање за давање на автентично толкување на членот 29 став 2 точка 4 од Законот за трговските друштва, поднесено од пратеникот Горан Мисовски

69. Барање за давање на автентично толкување на член 42-а став 2 од Законот за управните спорови, поднесено од пратеничката Кети Смилеска

**(б) По барање на органи, организации и други правни лица**

70. Понуда од нотарот Ристо Папазов од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.283 за КО Визбегово, на КП бр.557,викано место/ улица Село

71. Понуда од нотарката Лидија Рибарева од Штип за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.20301 за КО Штип на КП бр.8777

72. Понуда од нотарот Дарко Стојкоски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.44693 за КО Трубарево на КП бр.248

73. Известување од извршителката Снежана Андреевска од Скопје за налог за извршување врз недвижност (врз основа на член 166 од Законот за извршување), доставен под И бр.762/17

74. Известување од извршителката Снежана Андреевска од Скопје за налог за извршување врз недвижност (врз основа на чл.166 од Законот за извршување), доставен под И.бр.622/17

75. Известување од извршителката Снежана Андреевска од Скопје за налог за извршување врз недвижност (врз основа на член 166 од Законот за извршување) доставен под И.бр.339/17

76. Известување од извршителот Зоран Петревски од Скопје, за усна јавна продажба под И бр.37/2018

**д) други предлози**

77. Предлог-одговор на пратеничко прашање од пратеничката Магдалена Манаскова, поставено до Владата на Република Македонија на 55-тата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 26.7.2018 година

78. Кадровски прашања

79. Прашања и предлози

**В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ**

80. Финансиски извештај за работењето на ЈП „Македонијапат“ - Скопје, за период од 1.1 до 31.3.2018 година

81. Информација во врска со потребата за јавна набавка на механизација во прва фаза за нормално функционирање и зајакнување на ЈП „Македонијапат“ - Скопје

82. Тромесечен извештај за финансиското работење на ЈПВ „Лисиче“-Велес, за април-јуни 2017 година

83. Извештај за работата на ЈП ХС „Злетовица“ Пробиштип за периодот од 1.4.2018 година до 30.6.2018 година

84. Информација и дополнување на Бизнис план, Инвестициона програма за 2018, 2019 и 2020 година и Финансиска програма за 2018 година на „Македонски железници Транспорт“ АД - Скопје

85. Известување за искористени нафта и нафтени деривати отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за јули 2018 година

86. Информација со гантограм на финансиските и техничките аспекти за изградба на магистралните гасоводи, делница Неготино-Битола и делница Скопје-Тетово-Гостивар

87. Информација за реализација на Планот за подобрување на продуктивноста во „Тутунски комбинат“ АД - Прилеп, преку Програмата за доброволно заминување на вработени

88. Информација за мерки што ги презема Агенцијата за храна и ветеринарство за контрола на класична чума кај свињите во Република Македонија (за период од 26.12.2017 до 30.6.2018 година)

89. Годишен извештај за функционирање на системот на јавна внатрешна финансиска контрола за 2017 година

90. Информација за работата на Советот за развој на пазарот на капитал во периодот декември 2017 – јули 2018 година

91. Информација за реализација на акцискиот план за изработка на проектна документација и имплементација на Проектот интелигентен транспортен систем на патиштата

92. Информација за учество на Република Македонија во мисијата на НАТО во Косово-КФОР

93. Годишен извештај за преземените активности и постигнатиот напредок за воспоставување еднакви можности на жените и мажите во Република Македонија за 2017 година со препораки за 2019 година

94. Информација за работата на Интер-ресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на мажите и жените за 2017 година

## Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ

95. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2018 година

96. Предлог-програма за дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2018 година

97. Информација за потребата од изменување на Одлуката за основање на Национална установа „Ансамбл на албански народни ора и песни во Република Македонија“-Скопје, со Предлог-одлука за изменување на Одлуката за основање на Национална установа „Ансамбл на албански народни ора и песни во Република Македонија“-Скопје

98. Предлог-одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Македонија за 2018 година

99. Информација за склучување Спогодба за утврдување на најниската плата за најнискиот степен на сложеност за вработените во дејноста на основното и средното образование

*

*        *

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:**

- **Информација за програмите на Унијата за 2017 година**

Владата не расправаше по Информацијата за програмите на Унијата за 2017 година.

- **Статус на реализација на приоритетите на Република Македонија за влез во НАТО**

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог-концепт за Национална структура за водење на процесот за зачленување на Република Македонија во НАТО и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат м-р Радмила Шекеринска, заменичка на претседателот на Владата на Република Македонија и министерка за одбрана, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, д-р Рената Дескоска, министерка за правда, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, и д-р Стојан Славески, директор на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, во рок од еден ден, да определат претставник или претставници од нивните институции кои ќе земат учество во работата на работниот комитет за интеграција во НАТО.

2. Се задолжува Стево Пендаровски, Национален координатор за подготовка на Република Македонија за членство во НАТО, да одржи состанок на Работниот комитет за интеграција на Република Македонија во НАТО во рок од седум дена.

Истовремено, Владата заклучи Предлог-решението за именување претседавач, заменици на претседавачот и членови на Комитетот за зачленување на Република Македонија во НАТО, да се разгледа на наредната седница на Владата.

- **Статус на реализација на Рамковниот договор**

**1.** Владата не расправаше по Информацијата за состојбата со правичната застапеност на вработените и структура во Управата за финансиска полиција.

**2.** Владата не расправаше по Информацијата за состојбата со правичната застапеност на вработените во Министерството за финансии.

*

*        *

По одделните точки од Дневниот ред Владата ги донесе следниве заклучоци:

## Точка 1

Владата по Годишната сметка за 2017 година, Извештајот за работењето на ЈП „Македонијапат“ - Скопје за период од 1.1.-31.12.2017 година, Финансискиот извештај за 2017 година, со Ревизорски извештај и Финансискиот план за 2018 година, го разгледа Финансискиот план за 2018 година, како материјал за информирање и ги донесе најновите текстови на:

1. Одлуката за давање согласност на Годишната сметка и Извештајот за работењето на ЈП „Македонијапат“ – Скопје за период 1.1.-31.12.2017 година, во предложениот текст.

2. Одлуката за давање согласност на Одлуката за распределба на средствата остварени од работењето на ЈП „Македонијапат“ – Скопје за 2017 година, во предложениот текст.

## Точка 2

Владата по Информацијата за Годишната сметка на Јавното претпријатие за државни патишта за 2017 година и новиот текст на Извештајот за работењето на Јавното претпријатие за државни патишта за 2017 година, со дополнување и предлог – одлуки за давање согласност, го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Извештајот за работењето на Јавното претпријатие за државни патишта за 2017 година, во предложениот текст.

## Точка 3

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2018 година, во предложениот текст.

## Точка 4

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата со Меморандум за разбирање меѓу МЕР АД Скопје и АЛБГАС АД Тирана за изградба на интерконективен вод за пренос на природен гас помеѓу Република Македонија и Република Албанија, со текст на Меморандум, ја усвои Информацијата и му укажа на извршниот директор на МЕР АД Скопје, Бајрам Реџепи, по потпишувањето на Меморандумот за соработка со АЛБГАС АД Тирана, истиот да го достави до Владата.

## Точка 5

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Информацијата за воведувањето на заеднички контроли на надлежните органи на Република Македонија и Република Албанија на патниот граничен премин Ќафасан-Кафтане, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата Министерството за финансии-Царинска управа, да ги усогласи заклучоците со Секретаријатот за законодавство и Министерството за внатрешни работи да достави мислење по материјалот.

**Точка 6**

Владата ја донесе Националната програма за олеснување во воздухопловството (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 7**

Владата го разгледа Правилникот за условите кои треба да ги исполни националната референтна лабораторија, со Предлог-одлука и ја донесе Одлуката за давање согласност на Правилникот за условите кои треба да ги исполни националната референтна лабораторија, во предложениот текст.

**Точка 8**

Владата го разгледа најновиот текст на Правилникот за барања за безбедност и квалитет на водата за пиење, со Предлог-одлука и ја донесе Одлуката за давање согласност на Правилникот за барања за безбедност и квалитет на водата за пиење, во предложениот текст.

Истовремено се задолжува Агенцијата за храна и ветеринарство до Владата да ги достави новата Изјава за усогласеност на прописот со законодавството на Европската унија и Кореснодентната табела (формулар МК-ЕУ и ЕУ-МК), пополнети согласно Одлуката за обрасците на придружното писмо и меморандумот, содржината и формата на Кореснодентната табела и на Изјавата за усогласеност на прописот со законодавството на Европската унија, во која е објавено Упатството за пополнување на Изјавата за усогласеност на прописот со законодавството на Европската унија со кореснодентната табела.

**Точка 9**

Владата го разгледа најновиот текст на Правилникот за начинот на издавање на одобрение, потребната документација и висината на трошоците во постапката за издавање на одобрение за полнење и ставање во промет на природна минерална вода, изворска вода и друга пакувана вода, со Предлог-одлука и ја донесе Одлуката за давање согласност на Правилникот за начинот на издавање на одобрение, потребната документација и висината на трошоците во постапката за издавање на одобрение за полнење и ставање во промет на природна минерална вода, изворска вода и друга пакувана вода, во предложениот текст.

**Точка 10**

Владата ја разгледа Информацијата за Правилникот за посебните барања за безбедност на природна минерална вода, изворска вода и друга пакувана вода, со Правилник (нов текст) и Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Правилникот за посебните барања за безбедност на природна минерална вода, изворска вода и друга пакувана вода, во предложениот текст.

**Точка 11**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за посебните барања кои се однесуваат на микробиолошките

критериуми за храната, со Правилник и Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за посебните барања кои се однесуваат на микробиолошките критериуми за храната, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да ги достави новата Изјава за усогласеност на прописот со законодавството на Европската унија и Кореспондентната табела (формулар МК-ЕУ и ЕУ-МК), пополнети согласно Одлуката за обрасците на придружното писмо и меморандумот, содржината и формата на Кореспондентната табела и на Изјавата за усогласеност на прописот со законодавството на Европската унија, во која е објавено Упатството за пополнување на Изјавата за усогласеност на прописот со законодавството на Европската унија со Кореспондентната табела.

## Точка 12

Владата ја разгледа Информацијата за Правилникот за изменување на Правилникот за општите барања за безбедност на храната во однос на максималните нивоа на одделни контаминенти, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Правилникот за изменување на Правилникот за општите барања за безбедност на храната во однос на максималните нивоа на одделни контаминенти, во предложениот текст.

Истовремено, се задолжува Агенцијата за храна и ветеринарство да достави нова изјава за усогласеност на прописот со законодавството на Европската Унија и кореспондентни табели (формулари МК-ЕУ и ЕУ-МК), пополнети согласно Одлуката за обрасците на придружното писмо и меморандумот, содржината и формата на Кореспондентната табела и на Изјавата за усогласеност на прописот со законодавството на Европската Унија, во која е објавено Упатството за пополнување на Изјавата за усогласеност на прописот со законодавството на Европската унија со Кореспондентната табела.

## Точка 13

Владата по новиот текст на Финансискиот план за изменување и дополнување на Финансискиот план на Централниот регистар на Република Македонија за 2018 година, со Предлог-одлука, го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Финансискиот план за изменување и дополнување на Финансискиот план на Централниот регистар на Република Македонија за 2018 година, во предложениот текст.

## Точка 14

Владата по Тарифникот за изменување на Тарифникот за утврдување на висината на надоместоците што ги наплатува Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија, со Предлог-одлука ја донесе Одлуката за давање согласност на Тарифникот за изменување на Тарифникот за утврдување на висината на надоместоците што ги наплатува Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија, усогласена со укажувањето изнесено во Извештајот на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

## Точка 15

Владата ја разгледа Информацијата за можноста за утврдување на македонскиот рубин - јувелирски камен како заштитена минерална суровина со географско потекло од Република Македонија (нов текст), ја усвои Информацијата и го задолжи Геолошкиот завод на Република Македонија во соработка со Министерството за економија да ја разгледа можноста полудрагите или драги камења да се заштитат со соодветен акт, при што за нивно евентуално користење и експлоатација потребно е да се плаќа надоместок кој треба да се уплати како приход на Буџетот на Република Македонија и за истото да ја информира Владата во рок од две недели.

## Точка 16

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за запишување на право на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Македонија во катастарот на недвижностите.У.Бр.44/17 и ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижностите, со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 17

Владата ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Служба за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија (ПМВ Мерцедес Е270).

2. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за правда - Управа за извршување на санкциите (ПМВ Фолксваген Туран).

3. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за внатрешни работи (ПМВ Ауди А4).

4. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Куманово (Автобус Ман 422 FRN).

5. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за внатрешни работи (ПМВ Опел Зафира).

6. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Казнено поправна установа – Затвор Тетово (ПМВ Фолксваген Пасат).

7. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи (ПМВ Шкода Суперб).

8. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилна одлука на Служба за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија (сервиси за кафе и кујнски подметнувачи).

9. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за одбрана (ПМВ Ауди А6).

10. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на ЈУ Специјален завод Демир Капија (ПМВ Фолксваген Пасат).

11. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за внатрешни работи (ПМВ Ланд Ровер), во предложените текстови.

## Точка 18

Владата го разгледа Правилникот за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за вработување на Република Македонија, со Предлог – одлука (нов текст) и ја донесе Одлуката за давање согласност на Правилникот за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за вработување на Република Македонија, во предложениот текст.

## Точка 19

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потребата од отстапување на објектот (мотел) на КП 625, КО Градско од страна на Република Македонија (пренесување на сопственост) во сопственост на Општина Градско, го усвои и го донесе најновиот текст на Одлуката за пренесување во сопственост на недвижни ствари на Општина Градско, во предложениот текст.

## Точка 20

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за државната статистика го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени д-р Драган Тевдовски, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменичката на министерот за финансии, а за повереници Елена Трпковска, државна секретарка во Министерството за финансии и Јордан Трајковски, раководител на сектор во Министерство за финансии.

## Точка 21

Владата ја симна од Дневниот ред Предлог-уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2018 година.

## Точка 22

Владата ја симна од Дневен ред Предлог-програмата за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2018 година.

**Точка 23**

Владата ја симна од Дневен ред Предлог-програмата за изменување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година.

**Точка 24**

Владата го донесе најновиот текст на Уредбата за начинот на распределба, дистрибуција и ревизија на искористеноста на дозволите за меѓународен превоз на стока, во предложениот текст.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Информацијата за напредокот во имплементацијата на Проектот за подобрување на општинските услуги, заклучно со јули 2018 година, со табеларен приказ, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за финансии континуирано на секои шест месеци да ја информира Владата за напредокот во реализацијата на Проектот се до неговото завршување, односно до март 2021 година.

**Точка 26**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со донесување на програма за изменување на Програмата за развој на туризмот за 2018 година, со Предлог-програма (најнов текст) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за економија, кон Информацијата да достави дополнителни аналитички податоци по општини за вкупниот број на апликации, бројот на уредени дуќани и износот на доделените средства претходно.

2. Ја донесе Програмата за изменување на Програмата за развој на туризмот за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 27**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлогот за поведување постапка за склучување Договор за економска соработка помеѓу Република Македонија и Босна и Херцеговина, со Предлог-текст на Договорот и го усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати Предлог-текстот на Договорот за економска соработка меѓу Владата на Република Македонија и Босна и Херцеговина, како основа за водење на преговори.

2. Се задолжува Министерството за економија, по завршените преговори во рок од 30 дена на Владата да поднесе писмен извештај за завршените преговори со усогласениот текст на Договор.

**Точка 28**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со проблемите со месното население со кои се соочуваат концесионерите при изградбата на мали хидроелектрични централи, ја усвои и ги задолжи м-р Крешник Бектеши, министер за економија и д-р Кочо Анѓушев, заменик

на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори до крајот на септември 2018 година да одржат состанок со градоначалниците на општините Јегуновце и Виница и месните заедници од овие општини, со цел изнаоѓање на решение за проблемите со месното население на овие општини при изградбата на малите хидроелектрични централи и доколку при разговорите локалното население предложи логични и рационални сугестии во однос на ова прашање истите да се земат предвид и да се прифатат.

**Точка 29**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од хотел „Вилиџ“-Охрид, со Предлог-решение ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од хотел „Монтенегро“ –Струга, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (Хотел „Монтенегро“ со седиште на ул. Димче Ковачески бр. 20-Струга, хотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди), во предложениот текст.

**Точка 31**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од хотел „Томче Софка“ - Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

**Точка 32**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел „Меркур“ - Тетово, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст (Хотел Меркур со седиште на ул.102 бр.2 - Тетово, хотел од прва категорија со пет (5) ѕвезди).

**Точка 33**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел „Цара“, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект хотел „Цара“, со седиште на ул. Никола Вапцаров бр.6 Скопје, хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди), во предложениот текст.

**Точка 34**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел „Диор“ – Ресен, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

**Точка 35**

Владата ја разгледа Информацијата за напредокот во спроведување на ЕУ-ИПА проектот „Изградба на пречистителна станица за отпадни води во Прилеп“ и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да ја забрза постапката за одобрување на промена на систематизацијата на ЈКП „Водовод и канализација“ Прилеп.

2. Се препорачува на Општина Прилеп, во рок од 15 дена да ја започне постапката за упис на објектите од пречистителната станица во катастарот на недвижности.

**Точка 36**

Владата го разгледа новиот текст Информацијата за правосилноста на пресудата на Европскиот суд за човекови права, Сејдији против Република Македонија, А.бр.8784/11, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Македонија за 2018 година, во предложениот текст (најдоцна до 1 септември 2018 година).

**Точка 37**

Владата ја разгледа Информацијата за правосилноста на пресудата на Европскиот суд за човекови права, Смичковски против Република Македонија, А. бр. 15477/14, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Македонија за 2018 година, во предложениот текст (најдоцна до 5 октомври 2018 година).

**Точка 38**

Владата ја разгледа Информацијата за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител на Република Македонија упатени до Владата на Република Македонија, органите на државната управа, други органи и организации што имаат јавни овластувања, во периодот април – јуни 2018 година и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за финансии, Управата за јавни приходи, Министерството за здравство и Министерството за труд и социјална политика - Управа за прашања на борците и воените инвалиди, а се укажува на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, Фондот за здравствено осигурување на Македонија, Фондот на пензиското и

инвалидското осигурување на Македонија, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Агенцијата за катастар на недвижности, Агенцијата за вработување на Република Македонија и ЈРП „Македонска радио телевизија“, во рок од пет дена да постапат по барањата, укажувањата и препораките упатени до нив од Народниот правобранител на Република Македонија во текот на април, мај и јуни 2018 година, по кои сѐ уште не постапиле и за тоа во рок од пет дена да ги известат Народниот правобранител на Република Македонија и Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија.

2. Се задолжуваат сите органи на државната управа и им се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државната управа, да праќаат известување до Народниот правобранител на Република Македонија и до Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, кога ќе биде целосно завршено постапувањето по барањата и препораките на Народниот правобранител.

3. Се задолжуваат сите органи на државната управа и им се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државната управа, извештаите, односно табеларните прегледи за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител на Република Македонија за јули и август 2018 година, во рок од пет дена, а за септември 2018 година, до 5 октомври 2018 година, да ги достават до Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија заедно со копија од одговорот на секоја претставка, доставен до подносителот на претставката и до Народниот правобранител на Република Македонија.

## Точка 39

Владата го разгледа Предлог-законот за дополнување на Законот за аудиовизуелните добра (нов текст) го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Асаф Адеми, министер за култура и Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура, а за повереници Валмир Азири, државен секретар во Министерството за култура и Весна Илиевска, државна советничка во Министерството за култура.

## Точка 40

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување на Законот за наставници во основните и средните училишта, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставник на Владата на Република Македонија во Собранието е определен д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, а за повереник Милка Масникоса, раководителка на сектор во Министерството за образование и наука.

## Точка 41

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување на Законот за Академијата за наставници, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставник на Владата на Република Македонија во Собранието е определен д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, а за повереник Милка Масникоса, раководителка на сектор во Министерството за образование и наука.

**Точка 42**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 43**

Владата ја разгледа Информацијата за активностите во насока на имплементација на клучните мерки под димензијата Антикорупција од Стратегијата за Југоисточна Европа 2020, ја усвои Информацијата и го задолжи Државниот просветен инспекторат најмалку еднаш годишно за учебната 2018/2019 година да ја информира Владата за реализација на вонннаставните активности на училиштата поврзани со антикорупциската едукација на учениците.

**Точка 44**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за исполнетост на условите на Друштво за производство, трговија и услуги „Греен лифе"- ДОО Скопје за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој, поради потребата Министерството за здравство да донесе Решение за престанок на важење на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, трговија и услуги „Греен лифе"- ДОО Скопје, донесено на 1.6.2018 година, под бр. 19-400/3, Решение за престанок на важење на Решението за измена на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, трговија и услуги „Греен лифе"- ДОО Скопје, донесено на 27.8.2018 година, под бр. 19-400/9, како и ново Решение за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, трговија и услуги „Греен лифе"- ДОО Скопје кое што ќе одговара на седиштето на фирмата и да го достави до Владата.

**Точка 45**

Владата ја разгледа Информацијата за исполнетост на условите на Друштво за производство, трговија и услуги „Канабис – про" ДОО увоз-извоз Струмица за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, трговија и услуги „Канабис-про" ДОО увоз-извоз Струмица, во предложениот текст.

**Точка 46**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Македонија на Општина Кавадарци, во предложениот текст.

**Точка 47**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Македонија на Општина Кавадарци (со намена за детска градинка), во предложениот текст.

**Точка 48**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовната активност „SEVEN STARS 18“, во Република Грција (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 49**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовната активност „COMBINED RESOLVE XI“, во Сојузна Република Германија, во предложениот текст.

**Точка 50**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовната активност „EADRCC-Srbija 2018“, во Република Србија, во предложениот текст.

**Точка 51**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовната активност „CAMBRION PATROL 2018“, во Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, во предложениот текст.

**Точка 52**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовната активност „REGEX 18“, во Република Србија, во предложениот текст.

**Точка 53**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовната активност „KFOR 25“, во Сојузна Република Германија, во предложениот текст.

**Точка 54**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество на обука „Игла“ во Република Словенија (нов текст), во предложениот текст.

## Точка 55

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на бројот на стипендистите и висината на стипендиите за ученици запишани во средните училишта во Република Македонија за учебната 2018/2019 година, со заклучок стипендијата за талентирани ученици – спортисти наместо за 100 да биде за 80 ученици и стипендијата за талентирани ученици од средното образование наместо за 80 да биде за 100 ученици.

Истовремено, Владата заклучи исплатата на стипендиите да се врши без притоа да се наруши динамиката на реализација на средствата наменети за партиципација во ученички домови планирани во рамките на Буџетот на Министерството за образование и наука, потпрограма 50 - Ученички стандард.

Исто така, Владата го задолжи Министерството за образование и наука, во соработка со Министерството за труд и социјална политика и Министерството за економија, да достават информација со која ќе предложат прецизирање на политиките и условите за стипендирање, особено во средното образование.

## Точка 56

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за доделување стипендии на странски државјани од интерес за Република Македонија, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи потребните средства за наредните години, Министерството за образование и наука да ги обезбеди во рамки на максималните износи на расходи за соодветната фискална година.

## Точка 57

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа, Специјална болница за белодробни заболувања и туберкулоза „Јасеново“, во предложениот текст.

## Точка 58

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Клиничка болница Тетово (нов текст), во предложениот текст.

## Точка 59

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа, Специјална болница за белодробни заболувања и туберкулоза – Лешок, во предложениот текст.

**Точка 60**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Општа болница – Велес (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 61**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавна здравствена установа Општа болница - Гостивар, во предложениот текст.

**Точка 62**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза - Скопје, во предложениот текст.

**Точка 63**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Институт за белодробни заболувања кај децата - Козле, во предложениот текст.

**Точка 64**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Здравствен дом – Скопје (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 65**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Општа болница - Куманово, во предложениот текст.

**Точка 66**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за виното, поднесен од пратеникот Панчо Минов и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 71 став 1 од Уставот на Република Македонија право да предлага донесување на закон има секој пратеник во Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија и најмалку 10.000 избирачи. Имајќи ја предвид оваа уставна одредба предложениот Закон за изменување и дополнување на Законот за виното, е поднесен од овластен предлагач.

Во врска со текстот на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за виното, се укажува дека најголемиот дел од одредбите се веќе уредени со постојното законско решение или со други позитивни законски прописи кои ја уредуваат областа, првенствено Законот за земјоделство и рурален развој.

Покрај тоа, во Предлог-законот се предложени решенија кои се неостварливи од аспект на административната примена на Законот.

Конечно, Предлог-законот предвидува и одредби кои негативно ќе влијаат кон односите помеѓу производителите на грозје и вино воспоставени во текот на примената на постојното законско решение, со што негативно ќе се одразат на пласманот на грозје и вино, односно развојот на лозарството и винарството во целина.

Со измените на законот се регулира пријавувањето на планираното производство на винско грозје за откуп и производство на вино, мерење на шеќерните единици во откупот и се предлагаат директни плаќања како финансиска поддршка на производителите на винско грозје и вино, кои ќе предизвикаат фискални импликации по Буџетот на Република Македонија.

Поради сите горенаведени причини, Владата на Република Македонија не го поддржува донесувањето на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за виното, поднесен од пратеникот Панчо Минов и му предлага на Собранието на Република Македонија да не го донесе Законот.

## Точка 67

Владата го разгледа Предлог-законот за дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и дава позитивно мислење по Предлог–законот, со предлог Собранието на Република Македонија да го донесе законот.

Истовремено, Владата на Република Македонија, во насока на подобрување на предложениот текст, со цел подобра реализација во пракса, укажува на следното:

- Во член 1 од Предлог-законот за дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај, се смета дека зборовите „утврден возен ред“, потребно е да се заменат со зборовите „организиран општински линиски превоз на патници“ и

- Во член 2 од Предлог-законот за дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај, се смета дека зборовите „утврден возен ред во рамки на“, потребно е да се заменат со зборот „организиран“ и по зборот „превоз“ да се додадат зборовите „на патници“.

Исто така, се укажува на член 27 став 1 од Закон за превоз во патниот сообраќај во кој е утврдено дека превозникот самостојно ја утврдува цената на превозот, односно од досега кажаното, а поради можноста ваквиот начин на уредување на бесплатниот превоз на ученици од основното и средното образование да предизвика одредени манипулации со цената на превозот од страна на превозниците, се укажува дека е потребно организаторите на превозот, согласно своите надлежности да изнајдат начин на кој ќе ги спречат, односно избегнат ваквите ситуации, како и да изнајдат начин на кој ќе вршат избор на превозник кој ќе го врши превозот на ученици во ситуации кога на една иста релација, меѓуопштински превоз на патници вршат повеќе превозници.

## Точка 68

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 29 став 2 точка 4 од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр.28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18), поднесено од пратеникот Горан Мисовски и притоа го утврди следново мислење:

Одредбата од членот 29 од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр.28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18), со наслов „Лица кои можат, односно лица кои не можат да основаат друштво“ го предвидува следново:

„(1) Трговско друштво можат да основаат домашни и странски физички и правни лица.

(2) Трговско друштво не можат да основаат:

1) трговски друштва чија сметка отворена кај кој било носител на платниот промет е блокирана и лицата кои се членови на органот на управување, органот на надзор, односно се управители на тие друштва, се додека трае блокадата на сметката на друштвото или додека над истото не се отвори постапка на ликвидација или стечај;
2) друштва над кои е отворена стечајна постапка, додека трае постапката;
3) лица кои се членови на органот на управување, органот на надзор, односно се управители на трговски друштва на кои во постапка пропишана со закон им е изречена забрана за вршење професија, дејност или должност, се додека трае забраната;

4) лице кое е содружник во друштво со ограничена одговорност (ДОО) или во друштво со ограничена одговорност основано од едно лице (ДООЕЛ) чија сметка е блокирана додека трае блокадата на сметката на друштвото или додека над друштвото не се отвори постапка за ликвидација или стечај;
5) содружниците, управителите и членовите на органот на управување и органот на надзор на друштвата за кои согласно со членот 552-б од овој закон е започната постапка за бришење додека трае таа постапка и во период од три години од денот на објавата на бришењето на друштвото на веб страницата на Централниот регистар, освен основачите, односно содружниците кои се меѓународни финансиски организации чија членка е Република Македонија и чие учество во основната главнина на друштвото е под 50% и
6) лица за кои со правосилна одлука на судот е утврдено дека сториле кривично дело лажен стечај, предизвикување стечај со несовесно работење, злоупотреба на постапката стечај, оштетување или повластување на доверители и изречена им е забрана за вршење професија, дејност или должност, се додека траат правните последици од забраната.

(3) Секое лице може да биде основач на повеќе друштва, ако со овој закон тоа не е забрането.

(4) Основачи на јавно трговско друштво, односно основачи како комплементари на командитно друштво или на командитно друштво со акции, не можат да бидат физички лица кои немаат деловна способност.

(5) Физичко лице може, во исто време, да биде содружник со неограничена одговорност само во едно друштво. Јавно трговско друштво, командитно друштво и командитно друштво со акции не можат да бидат содружник со неограничена одговорност во друго такво друштво.

(6) Кон пријавата за упис на основање на друштво во трговскиот регистар, основачите поднесуваат лична изјава во електронска форма преку едношалтерскиот систем дека не постои некое од ограничувањата од овој член или друго ограничување пропишано со овој или друг закон, за да основаат друштво.“

Одредбата од точка 4) од став (2) на членот 29 предвидува „лице кое е содружник во друштво со ограничена одговорност (ДОО), или во друштво со ограничена одговорност основано од едно лице (ДООЕЛ), чија сметка е блокирана, додека трае блокадата на сметката на друштвото, или додека над друштвото не се отвори постапка за ликвидација, или стечај, не може да основа трговско друштво.

Со оваа одредба, Законот за трговските друштва со член 29 став (2) точка 4) има утврдено дека забраната за лицето кое е содружник во друштво со ограничена одговорност (ДОО), или во друштво со ограничена одговорност основано од едно лице (ДООЕЛ), се однесува единствено за основање трговско друштво, а не и за стекнување влогови во веќе основано т.е. постоечко трговско друштво.

Со оглед на тоа што Владата на Република Македонија достави допис до Министерството за економија (бр.09-29/4 од 05.2018 год.), по однос на примената на членот 29 став 2) точка (4) од Законот за трговските друштва, во врска со Иницијатива за измена на членот 29 став (2) точка 4) од Законот за трговските друштва, поднесена од приватен фонд СПМГ Капитал ДОО Скопје, а Министерството за економија по претходно спроведени консултации со надлежните институции утврди дека постои потреба од автентично толкување на наведениот член од Законот за трговските друштва, поради постоењето разлики во неговото толкување од страна на одредени институции, надлежни за неговата примена.

Поради ова, Владата на Република Македонија му предлага на Собранието на Република Македонија да го прифати Барањето за давање на автентично толкување на членот 29 став (2) точка 4) од Законот за трговски друштва, како оправдано, со следново мислење:

„со одредбата од членот 29 став (2) точка 4) од Законот за трговските друштва е утврдено дека забраната за лицето кое е содружник во друштво со ограничена одговорност (ДОО), или во друштво со ограничена одговорност основано од едно лице (ДООЕЛ), чија сметка е блокирана, додека трае блокадата на сметката на друштвото, или додека над друштвото не се отвори постапка за ликвидација, или стечај, се однесува единствено за основање трговско друштво, а не и за стекнување влог во веќе основано т.е. постоечко друштво“.

## <u>Точка 69</u>

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 42-а став 2 од Законот за управните спорови, поднесено од пратеничката Кети Смилеска и притоа го утврди следното мислење:

Законот за управните спорови („Службен весник на Република Македонија бр.62/06 и 150/10) е донесен во 2006 година, во услови кога постоеше едностепено управно судство,

а спорната одредба на членот 42-а, внесена е во 2010 година, кога се воведе системот на двостепеност во оваа сфера со креирањето на Вишиот управен суд, при што се наметна потребата за уредување на застапувањето на органите во постапката по жалба пред Вишиот управен суд.

Притоа со спорната одредба се утврдува дека:

„Против одлуките на Управниот суд странките можат да изјават жалба во рок од 15 дена од денот на доставувањето на одлуката преку Управниот суд до Вишиот управен суд.

Против одлука на Управниот суд, органот чиј акт бил предмет на управниот спор може да поднесе жалба преку Државниот правобранител на Република Македонија.
Вишиот управен суд одлучува по жалба во совет од тројца судии“.

Ставот 2 од спорниот член ја утврдува обврската на органот чиј акт бил предмет на управниот спор жалбата да ја поднесува преку Државниот правобранител на Република Македонија.

Притоа член 3 од Законот уредува дека:

„Право да поведе управен спор има физичко или правно лице ако смета дека со управниот акт му е повредено некое право или непосреден интерес заснован врз закон.

Државен орган, подружница или друга деловна единица на трговско друштво, населба и слично или група лица, иако немаат својство на правно лице, можат да поведат управен спор ако можат да бидат носители на правата и обврските за кои се решавало во управната постапка.

Кога орган на општините и Градот Скопје или на организација решава во прв степен во управна работа од изворна и делегирана надлежност, а по жалбата против таквиот акт решавал надлежен орган определен со закон, управен спор против второстепениот акт може да поведе и општината и Градот Скопје, односно организацијата чијшто орган решавал во прв степен, ако смета дека со второстепениот акт е повредено правото на локалната самоуправа, односно правото на управување.

Управен спор може да поведе Државниот правобранител на Република Македонија, кога со управен акт или со управен договор се повредени законот или јавниот интерес, односно институцијата што ја застапува според закон“.

Имајќи ја предвид одредбата на ставот 3 од членот 3, сосема е јасно дека Државното правобранителство на Република Македонија ги застапува органите или институциите само доколку тоа е утврдено со закон.

Притоа, Законот за државното правобранителство („Службен весник на Република Македонија“ бр.87/07) во членот 2, јасно определува дека:

„Државното правобранителство на Република Македонија е државен орган кој презема мерки и правни средства заради правна заштита на имотните права и интереси на Република Македонија и врши други работи утврдени со овој и друг закон.“.

Законодавно правната комисија на Собранието на Република Македонија постапувајќи по барање за автентично толкување на истоветната одредба со Извештај бр.10-2254/12 од 7 јуни 2013 година веќе се произнела дека: „Државното правобранителство на Република Македонија е надлежно да постапува само по однос на имотните права и интереси на Република Македонија и на државните органи кои се утврдени, согласно Законот за организација и работа на органите на државната управа“.

Со оглед на изнесеното, а имајќи ги предвид:

1) одредбите на член 5 од на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) кој утврдува дека:

„Органите на државната управа, можат да се основаат како министерства, други органи на државната управа и управни организации" и

2) одредбите на членовите 3 и 4 од Законот за Народната банка („Службен весник на Република Македонија" бр.158/10, 132/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18) кои утврдуваат дека: „Народната банка е централна банка на Република Македонија.....е правно лице со административна, финансиска и управувачка самостојност.......која има правна способност да настапува во правниот промет, особено кога: 1) склучува договори; 2) покренува правни постапки и е предмет на истите и 3) стекнува, управува, чува и располага со својот подвижен и недвижен имот.“.

Како сосема неспорно се наметнува толкувањето дека Државното правобранителство на Република Македонија не е овластено да ја застапува Народната банка на Република Македонија, со оглед на тоа таа не е орган на кој упатува Законот за организација и работа на органите на државната управа.

Согласно ова, Владата на Република Македонија му предлага на Собранието на Република Македонија да не даде автентично толкување на оваа одредба од Законот, бидејќи истата е јасна и прецизна.

**Точка 70**

Владата го одложи разгледувањето на Понудата од нотар Ристо Папазов од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.283 за КО Визбегово, на КП бр.557,викано место/улица Село, за наредната седница на Владата откако претходно ќе биде разгледана на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика поради потребата Министерството за транспорт и врски да достави мислење по Понудата.

**Точка 71**

Владата го одложи разгледувањето на Понудата од нотар Лидија Рибарева од Штип за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.20301 за КО Штип на КП бр.8777, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе биде разгледана на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика поради потребата Министерството за транспорт и врски да достави мислење по Понудата.

**Точка 72**

Владата го одложи разгледувањето на Понудата од нотар Дарко Стојкоски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.44693 за КО Трубарево на КП бр.248, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе биде разгледана на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата Министерството за транспорт и врски да достави мислење по истата.

**Точка 73**

Владата го одложи разгледувањето на Известувањето од извршител Снежана Андреевска од Скопје за налог за извршување врз недвижност (врз основа на член 166 од Законот за извршување), доставен под И. бр.762/17, за наредната седница на Владата откако претходно ќе биде разгледано на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата Министерството за транспорт и врски да достави мислење по истото.

**Точка 74**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Известувањето од извршител Снежана Андреевска од Скопје за налог за извршување врз недвижност (врз основа на член 166 од Законот за извршување), доставен под И.бр.622/17, со дополнување, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата Министерството за транспорт и врски да достави мислење по Известувањето.

**Точка 75**

Владата го одложи разгледувањето на Известувањето од извршител Снежана Андреевска од Скопје за налог за извршување врз недвижност (врз основа на член 166 од Законот за извршување) доставен под И.бр.339/17, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата Министерството за транспорт и врски и АД за изградба и стопанисување со станбен простор и деловен простор од значење за Републиката – Скопје, да достават мислење по материјалот.

**Точка 76**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Зоран Петрески од Скопје, за усна јавна продажба под И бр.37/2018 и по Известувањето го усвои мислењето на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 77**

Владата го разгледа Предлог-одговорот на пратеничко прашање од Магдалена Манаскова, пратеничка во Собранието на Република Македонија, поставено на Педесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 26 јули 2018 година (подготвен од Министерството за култура), го утврди одговорот и заклучи да се достави до Собранието на Република Македонија.

## Точка 78

**1.** Владата го разреши Зоран Маџовски од должноста вршител на должноста директор на Државниот комунален инспекторат, орган во состав на Министерството за транспорт и врски.

**1.1.** Владата го именува Сали Ајдини за вршител на должноста директор на Државниот комунален инспекторат, орган во состав на Министерството за транспорт и врски и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**2.** Владата го именува Сами Рушиди за вршител на должноста заменик на директорот на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**3.** Владата го разреши Светислав Ѓорѓевиќ од должноста директор на Дирекцијата за радијациона сигурност.

**3.1.** Владата го именува Рухан Илази за вршител на должноста директор на Дирекцијата за радијациона сигурност и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**4.** Владата заклучи да му препорача на Надзорниот одбор на „МЖ Транспорт“ АД-Скопје, да го отповика Љубиша Ристиќ од должноста генерален директор и претседател на Управниот одбор на „МЖ Транспорт“ АД-Скопје, а на негово место да го избере Шабан Зендели.

## Точка 79

**1.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Македонија за периодот од 20.8.2018 до 26.8.2018 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Македонија и Собранието на Република Македонија.

**2.** Владата го разгледа предлогот и видувањата од формираната работна група за проектот „Субвенциониран студентски оброк“ и притоа се информираше со Информацијата за активностите на проектот „Субвенциониран студентски оброк“ со Акциски план и Нацрт-законот за субвенциониран студентски оброк, подготвени од страна на Министерството за образование и наука, во соработка со Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за финансии, Министерството за економија, Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија и Кабинетот на министерот без ресор, задолжен за регулатива за подобрување инвестициска клима за домашни компании, д-р Зоран Шапуриќ.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за образование и наука, согласно подготвениот предлог од работната група, во рок од две недели до Владата да достави усогласен текст на Предлог-закон за субвенциониран студентски оброк, кој да се разгледа во редовна владина постапка.

**3.** Владата го разгледа Барањето на Националниот совет на инвалидските организации на Македонија бр.03-155/2 од 30.7.2018 година и по истото го задолжи Генералниот

секретаријат на Владата на Република Македонија, да ја даде бараната стручна помош на Националниот совет на инвалидските организации на Македонија, за подготвување на потребната документација за спроведување на постапка за доделување на јавна набавка за потребите на Националниот совет на инвалидските организации на Македонија.

**Точка 80**

Владата го разгледа Финансискиот извештај за работењето на ЈП „Македонијапат" - Скопје, за период од 1.1 до 31.3.2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 81**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на новиот текст на Информацијата во врска со потребата за јавна набавка на механизација во прва фаза за нормално функционирање и зајакнување на ЈП „Македонијапат"-Скопје, поради потребата Информацијата заедно со Анализата за заштеда со новата механизација да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, како и да се има предвид задолжениeто од 43-та седница на Владата на Република Македонија одржана на 19.12.2017 година, со кој се задолжени Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Министерството за транспорт и врски и Министерството за финансии да ги разгледаат сите решенија (набавка на потребна механизација преку оперативен лизинг, преку средства од ИПА фондовите на Европската Унија и сл.) за понатамошно функционирање на Јавното претпријатие „Македонијапат" – Скопје и да достават соодветен предлог за трајно решавање на статусот на ова јавно претпријатие, кој ќе се разгледа на тематска седница на Владата.

**Точка 82**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие за водостопанство „Лисиче" – Велес, за периодот април – јуни 2017 година, со табеларен приказ, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата им укажува на надлежните органи на претпријатието да преземаат мерки за намалување на прикажаните зголемувања кај непродуктивните расходи.

**Точка 83**

Владата го разгледа Извештајот за работата на ЈП ХС „Злетовица" Пробиштип за период од 1.4.2018 година до 30.6.2018 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи во рок од три недели, да се одржи состанок во Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, со директорот на ЈП ХС „Злетовица" Пробиштип, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, градоначалниците на општините Штип, Кратово, Свети Николе, Пробиштип, Лозово и Карбинци, како и со директорите на комуналните претпријатија со цел да се разгледа состојбата на пречистителните станици и користењето на водата и доведување на истите во планираната проектирана состојба на системите.

**Точка 84**

Владата ја разгледа Информацијата и дополнување на Бизнис план, Инвестициона програма за 2018, 2019 и 2020 година и Финансиската програма за 2018 година на „МЖ Транспорт“ АД - Скопје, со дополнувањето кон неа, како материјал за информирање.

**Точка 85**

Владата го разгледа Известувањето за искористени нафта и нафтени деривати отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за јули 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 86**

Владата ја разгледа Информацијата со гантограм на финансиските и техничките аспекти за изградба на магистралните гасоводи, делница Неготино (Кавадарци) - Битола и делница Скопје-Тетово-Гостивар, како материјал за информирање, притоа имајќи ги предвид укажувањата во мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 87**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на планот за подобрување на продуктивноста во „Тутунски комбинат“ АД Прилеп, преку Програмата за доброволно заминување на вработени, како материјал за информирање.

**Точка 88**

Владата ја разгледа Информацијата за мерки што ги презема Агенцијата за храна и ветеринарство за контрола на класична чума кај свињите во Република Македонија (за период од 26.12.2017 година до 30.6.2018 година), како материјал за информирање.

**Точка 89**

Владата го разгледа Годишниот извештај за функционирање на системот на јавна внатрешна финансиска контрола за 2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 90**

Владата ја разгледа Информацијата за работата на Советот за развој на пазарот на капитал во периодот декември 2017 година - јули 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 91**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за реализација на Акцискиот план за изработка на проектна документација и имплементација на проектот „Интелигентен транспортен систем на патиштата“, како материјал за информирање.

**Точка 92**

Владата ја разгледа Информацијата за учество на Република Македонија во мисијата на НАТО во Косово – КФОР, како материјал за информирање.

**Точка 93**

Владата го разгледа новиот текст на Годишниот извештај за преземените активности и постигнатиот напредок за воспоставување еднакви можности на жените и мажите во Република Македонија за 2017 година, со препораки за 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 94**

Владата ја разгледа Информацијата за работата на Интер-ресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите за 2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 95**

Владата ја донесе Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 96**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 97**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од изменување на Одлуката за основање на Национална установа „Ансамбл на албански народни ора и песни во Република Македонија" - Скопје, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за основање на Национална установа „Ансамбл на албански народни ора и песни во Република Македонија"-Скопје, во предложениот текст.

**Точка 98**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Предлог–одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Македонија за 2018 година, откако истата претходно ќе се разгледа седница на основните комисии на Владата, поради потребата Министерството за образование да достави точни податоци колку обврски се преостанати во поглед на целата издавачка дејност и во делот на образование и во делот на наука и дали со ова се заокружуваат сите обврски.

Исто така, Министерството за образование и наука да информира, ако веќе тие обврски постоеле, зошто никаде не биле регистрирани како обврски кои треба да се подмират.

**Точка 99**

Владата ја разгледа Информацијата за склучување на спогодби за утврдување на најниската плата за најнискиот степен на сложеност за вработените во дејноста на основното и средното образование, со нацрт текст на спогодби, ја усвои и го задолжи министерот за образование и наука да ги потпише спогодбите со Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија (СОНК), за реализација на предвиденото покачување на платите во основното и средното образование за 5%, почнувајќи од исплата на платата за септември 2018 година.

*

*          *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 16:40 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**